**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-455/4**

**Скопје, 15.10.2007 година**

**ДО**

**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ - СУДСКА ВЛАСТ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Судски буџетски совет - Судска власт (во понатамошниот текст Судска власт), за 2006 година, кои се прикажани на страните од 5 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на Судски буџетски совет за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија и е дадено мислење без резерва.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Дане Илиев, претседател на Судски буџетски совет

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 4, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 04.06 до 03.07.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 14.09.2007 година, добиени се забелешки на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор заведени под број 03-689/2. Истите беа разгледани и забелешките на точките 10.3.1 и 10.3.3 се прифатени поради доставени дополнително докази.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај и на интерниот контролен систем, ревизијата го утврди следното:

### *11.1. Систем на интерни контроли*

- Врз основа на проценка на системот на интерните контроли, ревизијата утврди дека со Интерниот акт за контроли во извршување на судскиот буџет, не се опфатени посебни постапки за централизирана исплата на судовите (освен за капитални расходи) и доставување на потребната документацијата од истите.

- Врз основа на извршеното снимање на системот на интерните контроли, ревизијата утврди дека нивото на сигурност за дизајнот на контролите е *среден*, бидејќи не постои сегрегација на должностите, а одредени ризици недоволно се покриени со контроли, поради значаен и долготраен недостаток на вработени кај Стручната служба и внатрешната ревизија.

- Врз основа на извршените тестови на усогласеност во процесот на плаќање, ревизијата утврди исклучоци во поглед на архивирањето, евиденцијата и авторизацијата на документацијата, кои произлегуваат од непостоење на поделба на должности, при што постои *средно ниво* на сигурност за функционирање на интерни контроли.

***Ревизијата препорачува:*** Стручната служба да изврши дополнување на Интерениот акт за контроли во извршување на судскиот буџет за сите видови централизирана исплата, со цел воспоставување сеопфатен контролен механизам за наменското и законското користење на средствата од страна на судовите.
Да се изврши доекипирање на Секторот Судски буџет и внатрешната ревизија, со цел сегрегација на должностите и делегирање на надлежностите.
Иако има слабости во функционирањето на интерните контроли, со ревизијата не се утврдени неправилности во работењето на судски буџетски совет.

### *11.2. Неправилна примена на акти:*

**11.2.1.**Проекцијата и планирањето на судскиот буџет за 2006 година е извршена без утврдени критериуми и методологија за изготвување на судскиот буџет, за делот на

средствата „Судска власт”, што е спротивно на член 9 од Законот за судски буџет, поради ненавремено донесување на истите. Истото влијае на начинот на утврдување на средствата за делот „Судска власт” во Буџетот на РМ, врз основа на фискалната политика и главните параметри за процена на приходите и трошоците.
*Судскиот буџетски совет за 2007 година.има утврдено Критериуми и методологија за изготвување, утврдување и доставување на судскиот буџет.*

***11.3. Ненаменско и незаконско користење на средства:***

*Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

**11.3.1.**Не се изготвени План и Регистар за јавни набавки во 2006 година, спротивно на членовите 11 и 17 од Законот за јавни набавки, поради погрешно толкување на Законот и има влијание на определување на динамиката за реализација на набавките по видови и постапката за јавна набавка која ќе се користи, внесување на податоците во Регистар за постапките за јавни набавки и доставување на истите до Бирото за јавни набавки.
*За 2007 година Судскиот буџетски совет има изготвен план за јавни набавки.*

12. Според наше мислење, финансиските извештаи на Судски буџетски совет- Судска власт за 2006 година, вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиската активност во согласност со важечката законска регултива.

13. Според наше мислење, во Судски буџетски совет- Судска власт за 2006 година остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

14. *Известување за преземени мерки од страна на Судскиот буџетски совет по основ на препораките и мерките на ревизијата по Конечниот извештај за 2005 година и тоа:*

    *14.1.* Донесувањето и усвојувањето на Измената на Програмата за инвестирање во судовите е извршено во 09.2006 година, односно постапено е по препораките за точка 11.1.4.

    14.2. Во 2006 година извршен е попис на благајната согласно законските прописи, односно постапено е по препораките за точка 11.2.1.

    14.3. Стручната служба во 2006 година има изготвено итерен акт со пишани процедури (член 11 од Законот за судскиот буџет) и тоа во секој сегмент што опфаќа контролен механизам на спроведување на ниво на судска власт кој е усвоен од страна на Судскиот буџетски совет, односно постапено е по препораките за точка 11.4.1.

**Скопје, 15.10.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**Судски буџетски совет-Судска власт**
**Средства од буџетот на РМ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---:|---:|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 76,748 | 62,674 |
| **Вкупно приходи** | **76,748** | **62,674** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 36,130 | 16,764 |
| Субвенции и трансфери | 156 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **36,286** | **16,764** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 40,462 | 45,910 |
| **Вкупно капитални расходи** | **40,462** | **45,910** |
| **Вкупно расходи** | **76,748** | **62,674** |

**Судски буџетски совет-Судска власт**
**Средства од буџетот на РМ**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства во подготовка | 0 | 33,491 |
| **Вкупно постојани средства** | **0** | **33,491** |
| **Вкупна актива** | **0** | **33,491** |
| **Пасива** | | |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 0 | 33,491 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **0** | **33,491** |
| **Вкупна пасива** | **0** | **33,491** |

**Судски буџетски совет-Судска власт**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **33,491** | **-** | **33,491** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Набавки | - | - | **-** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **33,491** | **-** | **33,491** |
| Преотстапување на капитални средства | 33,491 | | **33,491** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | - | | **-** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **-** | **-** | **-** |